# РЕЧ НА ДЕКАНОТ

## НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

**ПРОФ. Д-Р Ефтим Мирчев**

*Колешки и колеги, драги гости,*

*Собрани сме да одбележиме еден несекојдневен јубилеј за стоматолошката струка, едукација и наука. Овие денови се навршуваат 30 години од формирањето на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и 30 години од неговиот динамичен и успешен развој. Триесет години е релативно долг период, во кој може да се согледа поминатиот пат и на тие согледувања и анализи да се планира иднината на Факултетот.*

*Грижата за здравјето и оралното здравје во НР Македонија веднаш по војната и долго по неа беше доста занемарена, особено стоматолошката заштита, бидејќи ја вршеа само неколку лекари стоматолози и забари.*

**Број на стоматолози и забари во СРМ од 1948/49 до 1960**

| година | стоматолози | забари |
|---|---|---|
| 1948 | 14 | 13 |
| 1949 | 14 | 13 |
| 1954 | 9 | 60 |
| 1960 | 40 | 173 |

*Во 1947 год. се формира Медицинскиот факултет, а во 1950 год. Училиштето за забари и забни техничари. Во почетокот, малиот број стоматолози и забари беше сместен во Скопје и во некои поголеми градови во Републиката. Тоа значи дека цели региони беа без никаков забоздравствен кадар. Затоа, 12 години по формирањето на Медицинскиот факултет, се формира Оддел по стоматологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Формирањето произлезе од потребата за високо образовани стоматолошки кадар, односно планирана потреба со цел да се унапреди здравјето на народот, а оралното здравје е значајна компонента на општото здравје на народот.*

*Условите за формирање беа тешки, како материјални така просторни и кадровски, а постариот брат, Медицински факултет, сè уште ја бараше својата физиономија, бидејќи истите проблеми и тој сè уште ги имаше. Но, потребите, желбите, ентузијазмот беа посилни и македонскиот народ за прв пат доби високошколска стоматолошка институција. Се то тоа не би дошло до израз ако не беше разбирањето на широката општествена заедница, помошта од другите републики на ФНРЈ, нивниот хуманизам како една од најважните карактеристики на нашата Револуција.*

*Со извонредни напори, кадровски и просторни тешкотии, но со несебична помош од Медицинскиот факултет со неговите катедри, Природно-математичкиот факултет со неговите институти за хемија, физика и биологија, како и помошта од веќе постојните стоматолошки факултети во земјата, во 1959/60 год. започна наставата на првата генерација студенти по стоматологија. Таа броеше 37 студенти со 2 професора, 1 доцент и 3 соработници. Така постојната стоматолошка клиника за усни, забни и вилични болести при Медицинскиот факултет, основана во 1948/49 год. и сместена во приземна зграда со четири простории, во 1959/60 год. прерасна во Стоматолошки оддел на Медицинскиот факултет. Наставата по институтските предмети се изведуваше на институтите од Природно-математичкиот и Медицинскиот факултет. Наставата по општомедицинските предмети, која изнесуваше околу 45%, се изведуваше на клиниките на Медицинскиот факултет. Во меѓувреме во 1962/63 г. и во 1964 г. беа изградени и два провизорни објекта во кои се изведуваше практичната настава од областа на денталната патологија, детската и превентивната стоматологија, болестите на устата и протетиката.*

Практичната настава, ортопедија на вилиците и орална хирургија се изведуваше на клиниката за усни, забни и вилични болести.

Во 1965 година како последица на согледаната проблематика и во интерес на подобра организација и функција, наставните единици се интегрираат во Стоматолошка клиника на Медицинскиот факултет, со самостојно финансирање, базирани на самоуправен принцип.

Просторните тешкотии траеја подолго време, за што придонесе и катастрофалниот земјотрес во 1963 год. кога имаше поприоритетни проблеми за решавање.

Во 1969 год. кадровската база броеше 3 професори, 2 доцента, 3 универзитетски предавачи и 13 асистенти.

Во 1974/75 год. се изградија два современи нови објекта, и тоа, зградата на стоматолошките клиники и зградата на максилофацијална хирургија со околу 10.000 $м^2$ работна површина, и тоа студентски и рутински сали со 110 работни места, амфитеатар, лаборатории, простор за отворање на самостојна бибилиотека, операциона сала, стационар со околу 30 кревети, а дел од провизориумите останаа за административни простории. Тие згради дадоа целосна физиономија на отсекот во тоа време. Веќе денеска тие простории со тогашната нова опрема бараат обнова на дотраената опрема, која се одржува со скапи и увозни резервни делови. За обнова на опремата е неопходно учество на општествената заедница преку разни форми и кредити.

Од 1977/78 год. Стоматолошкиот отсек при Медицинскиот факултет во Скопје, со реорганизацијата на Универзитетот и формирањето на универзитетските центри прерасна во самостоен Стоматолошки факултет. Тоа овозможи во почетокот прием на поголем број нови студенти и зголемување на бројот на наставниците и соработниците. Денеска (31 V 1989) на Стоматолошкиот факултет работат 29 наставници, 25 асистенти, 6 помлади асистенти, 18 клинички лекари и околу 120 ненаставни работници.

Во изминатите 30 години, односно до 31. V 1989 год. Стоматолошкиот факултет ѝ даде на Републиката, земјата, Европа па и на светот 1442 дипломирани стоматолога. Неговите лекари стоматолози, наставници, соработници активно учествувале на републички, југословенски и интернационални собири, било како референти или како посматрачи, учејќи и запознавајќи се со современите достигања и пренесувајќи го стекнатото знаење во својата средина. Досега околу 360 доктори стоматолози завршија специјализации, одбранети се 22 хабилитации, 14 магистерски тези и 22 докторски дисертации. Објавени се 8 самостојни учебници на македонски јазик за стручните предмети, 2 заеднички учебника со други стоматолошки факултети, 6 учебници од медицинските предмети, монографии и голем број стручни и научни трудови објавени во разни списанија. Од 1977 год. Факултетот издава и свое стручно списание „Македонски стоматолошки преглед", во кој сега се печатат најголем број трудови.

Бројката на горенаведениот персонал не е голема, но обврските што се очекуваат од една високообразовна институција се исполнуваат со максимално и несебично ангажирање, иако во целост не може да се искаже вложениот труд.

Но, секој развој носи и свои противречности, што важи за сите стоматолошки факултети, па и медицински. Сите тие имаат тројна улога: наставно-образовна, научноистражувачка и здравствено-апликативна, односно трансфер на знаењето во практиката. Тоа во досегашната практика доведуваше и до некои недоразбирања и тешкотии, особено околу вработувањето на млади перспективни кадри. На мислење сме дека Факултетот идните кадри треба да ги бара меѓу младите, своите студенти, кои може да ги следи со тек на години, а не да ја разрешува невработеноста.

Недостаток на Факултетот е што не по своја вина не успеа на општоинститутските и медицинските предмети да вработи кадар кој ќе биде ангажиран само за стоматолошката едукација со стоматолошки содржини, стоматолози да работат како соработници и наставници на сите институтски и медицински предмети. Тоа ќе го подигне уште повеќе квалитетот на наставата, струката, а и студентите ќе имаат строго свои одредени наставници со кои ќе соработуваат и ќе имаат почести контакти, што сега не е случај, особено на предметите со повеќе наставници.

Во деновите на јубилејот сме поносни на сè она што е постигнато, но и тажни што дел од основачите не се со нас. Оваа монографија за триесетгодишнината од формирањето на Факултетот претставува дел од нашата благодарност на сите што на кој и да било начин придонеле за развојот на Факултетот.

Ни прави посебно задоволство што нашиот триесетгодишен јубилеј се поклопува со прославата на 40-те години од постоењето на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје.

Иднината на Факултетот припаѓа на ентузијастите, на тие кои ја сакаат струката, науката и ќе се посветат на Факултетот, а не на рамнодушните кои бараат само вработување и тука да се заврши целата активност.

Ако оваа прослава ја прогласиме како задоцнет сребрен јубилеј, нека оние што ќе го доживеат златниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет им биде подобар од сребрениот. Затоа е потребно активностите на Факултетот да ги насочиме кон овие правци:

– самоуправно организирање како единствена работна организација;

– рестриктивна уписна политика која треба, покрај намалувањето на бројот на новозапишаните кандидати секоја година, да овозможи секоја година

*да бидат примени најдобрите средношколци, талентираните ученици;*

*– мали групи, почести и поблиски контакти меѓу студентите, соработниците и наставниците;*

*– перманентно усовршување на дипломираните кадрови преку курсеви, кои, зависно од проблематиката, да траат до една недела;*

*– реформа на постдипломските студии-магистериуми и специјализации.*

*Магистерски студии треба да ги завршат сите новопримени лекари, помлади асистенти и асистенти. Сето тоа најкорисно ќе се одрази во практичното олеснување при изработката на магистерските и докторските трудови – специјализации;*

*– преку специјализациите ќе постигнат повисок степен на умешност и стручни знаења, што е особено важно за практичната настава со студенти;*

*– поврзување и продлабочување на соработката на одделните клиники со други сродни клиники и институти на медицинските и други факултети;*

*– поголемо вклучување во научната работа преку научни проекти од проблемот на стоматолошката патологија, кариесот, аномалиите на растот и развојот, пародонтопатијата, денталните материјали, превенцијата, имунологијата и др.,*

*– изнаоѓање начини и давање прилог во вработувањето на новодипломираните стоматолози, забните техничари и стоматолошките сестри;*

*– работата на Факултетот да биде уште подинамична и да постигне поголема афирмација на стручнонаучно и едукативно поле во Републиката, земјата и надвор од неа.*

*Високите сојузни, и републички општествени признанија што му се доделени на Стоматолошкиот факултет, како, Орден на трудот со сребрени зраци и Наградата „Климент Охридски" претставуваат обврска и предизвик кон натамошни активности и освојувања на сите полиња – наставно-образовното, научно-истражувачкото, здравственото со што се исполнува долгот кон општествената заедница.*



Орден заслуги за народ со сребрени зраци




Награда „Климент Охридски"